# РЕСУРСНА КНИШКА



## ЗА ПРИГОВОР НА СОВЕСТА

Прилеп/Скопје
2004
**Мировна Акција**

mirovnaakcija@gmail.com
048/ 401 888

# Ресурсна книшка за приговарачи на совеста

Подготвил: Китаноски Боро
Графички Дизајн: Перо Вонземски

Тираж: 2000

# Ресурсна книшка за приговарачи на совеста

# КРАТКА ИСТОРИЈА НА ПРИГОВОРОТ НА СОВЕСТА ВО ЕВРОПА

Концептот на воена обврска на сите способни мажи кон државата е стар и потекнува од средновековната обврска кон монархот или деспотот. Тој беше формализиран како постојана институција во Револуционерна Франција од 1793., од каде се рашири низ Европа особено за време на 19 век. Признавањето пак на правото на приговор на совеста е релативно нова појава. Европското признавање на правото на приговор на совеста започна да се пројавува на почетокот на 20 век и особено се рашири по Втората Светска Војна.

Првата Европска Институција, воедно и прва интернационална институција, која го призна правото на приговор на совеста на обврзната воена служба беше Парламентарното Собрание на Советот на Европа. Имено, во Септември 1965 Amnesty International го покрена прашањето на приговорот на совеста пред Советот, поврзувајќи го со членот 9 (слобода на совеста, мислата и религијата) на Европската Конвенција за Правата на Човекот. Советот на Европа побара од Институтот Макс Планк за Компаративно Граѓанско Право и Меѓународно Право, Германија, да изготви студија за состојбата во земјите членки, врз основа на која студија Консултативното Собрание на 26 Јануари 1967. ја усвои резолуцијата 337 со која ги утврди

базичните принципи на правото на приговор на совеста.

Како било, правото на приговор на совеста своите корени ги има далеку поназад во историјата на Европа. Исклучоци од воената служба беа дадени во Холандија уште во 1549. и 1580. На 21. Ноември 1660. Квекерите обзнанија јавна декларација до кралот на Англија Чарлс II во која одбиваат да земат учество во која било војна. Во 1757. во Британија беше дозволен исклучок од обврзната милициска служба и во раниот 19 век Наполеон дозволи исклучок за Протестантските Анабаптисти. Норвешка го инкорпорираше правото на приговор на совеста во легислативата во 1900., Данска во 1917., Шведска во 1920., Холандија дури и го внесе во Уставот во 1922., и Финска го усвои ова право во 1931. Обврзната воена служба, заедно со правото на приговор на совеста беше повторно воведена во Британија во периодот 1939. 1960. Главната полемика во Британија беше дали воената служба воопшто треба да постои, за разлика од континентална Европа каде воената служба беше традиционално присутна, а контроверзиите се водеа околу правото на приговор на совеста. Но и покрај тоа, повеќе од третина од приговарачите за време на Првата Светска Војна - 6.000 од 16.000 завршија во затвор во Британија. Неправдите во другите земји варираа од воени судови, предолга цивилна служба под воена контрола. Најекстремни примери се оној на Германија (вклучително и анексираната Австрија) кога за време на Втората

Светска Војна приговарачите на совеста беа егзекутирани, а во 1949. двајца приговарачи на совеста беа егзекутирани во Грција.

На другите европски земји им требаше речиси половина век за признавање на правото на приговор на совеста: Франција и Луксембург во 1963., (Во Франција Union Pacifiste UPF, францускиот огранок на War Resisters' International беше исклучително заслужен за признавањето на приговорот.) Белгија во 1964. (двајца ненасилни анархисти, членови на WRI, во 1933 предизвикаа вистинска бура со процесот покренат против нив заради одбивање на воената служба), Италија во 1972., и Шпанија во 1976, по смртта на фашистот Франко (потврдено во новиот Устав од 1978)

Приговорот на совеста кој произлегува од не-религиски хумани причини беше феномен кој се разви во Европа на почетокот на 20 век, веднаш по Првата Светска Војна. Тој го најде својот вистински израз во формирањето на War Resisters' International (WRI) во 1921. чија повелба вели **„Војната е злосторство против човештвото. Заради оваа причина ние сме одлучни да не поддржиме каква било војна и да работиме на отстранувањето на сите причини за војна.“**

Во Источна и Централна Европа кои беа под комунистички режими, приговорот генерално не беше признаен. Сепак имаше два исклучоци. Првиот беше декретот на Советот на Народните Комесари на СССР потпишан од Ленин во Јануари 1919. кој дозволуваше статус на приговарач на совеста за

лица со религиски мотиви. Овој декрет престана да важи за време на Сталин. Вториот исклучок беше оној на Источна Германија од 1964. кој дозволуваше невооружена воена служба.

По распаѓањето на Источниот Блок, Полска (1988), Унгарија (1989), Литванија (1990), Словенија (1991), Естонија (1991), Чешка и Словачка (1992), Украина (1996), Хрватска (практично од 1998.), Бугарија (1998), Македонија (закон од 2001., а практично од 2003.), Србија и Црна Гора (Декември 2003.) започнаа да го развиваат правото на приговор на совеста.




# Како да се аплицира
# за
# цивилна служба?

# Како до цивилна служба?

Лесно,
Сѐ што треба да направиш е да напишеш писмено **БАРАЊЕ** кое треба да содржи:

- твое име и презиме, адреса и телефонски број

- **„*БАРАЊЕ*** *за одобрување на цивилна служба во цивилна установа, во согласност со Законот за Одбрана на РМ.“*

- ***„ОБРАЗЛОЖЕНИЕ“*** доволно е и половина страница на која со свои зборови ќе напишеш на што се однесува твојот приговор, т.е. зошто сакаш да служиш цивилно. Законот за Одбрана дозволува вложување на приговор заради причини на совеста, верата или моралот. Што вели твојата совест?

- Датум и место.

- Истото барање го печатиш во два примероци и едниот го адресираш (во горниот десен агол од листот) до: Одделение за одбрана______(*името на градот каде живееш*)_______, а вториот

до: Министерство за Одбрана-Скопје

- Го предаваш барањето лично во локалното одделение за одбрана (доколку те разубедуваат предупреди ги дека прават прекршок, тие се должни само да го примат и понатаму да го проследат твоето барање. Локалните одделниеја не одлучуваат по барањата).

- Чекаш да те известат (најчесто по телофон) за местото каде што ќе служиш **ЦИВИЛНО.**

Може да го изразиш приговотор на совеста во **СЕКОЕ ВРЕМЕ**, пред, за време и после извршувањето на воената служба!
За какви било прашања, помош, поздрав.... јави ни се!

Мировна Акција 048/401888
Mirovna@mt.net.mk

Цивилната служба според Резолуцијата 337 на Советот на Европа и практиката на ЕУ земјите не смее да има казнив карактер! Ниту во поглед на должината, ниту пак во поглед на работните задачи кои ги извршуваат приговарачите на совеста.

За казнива се смета секоја алтернативна (цивилна) служба која го изгубила својот изворен хуманитарен карактер и претставува само обврска која мора да се исполни.

Приговарачите на совеста не би требало да бидат разместувани на работни места кои обично се пополнуваат со редовни вработени лица. Не смее да се дозволи приговарачите на совеста да станат еден вид нелојална конкуренција на најслабо платените работници, а со тоа и елемент кој ја ослабува и позицијата на работниците.

Раководителите на институциите каде приговарачите на совеста се разместени се должни да им изнајдат задолженија кои би имале хуманитарна димензија, а не со нив да пополнуваат работни места за кои инаку би морале да вработат некого!

# Резолуција 337 (1967)

*Парламентарното Собрание на Советот на Европа*
*за правото на приговор на совест*

Во согласност со членот 9 од Европската Конвенција за Човековите Права која ги обврзува државите членки да ја почитуваат индивидуалната слобода на совеста и вероисповеста
Прогласува:

## А. Основни принципи

Личностите обврзани да служат војска, кои од причини на совеста или други искрени религиски, етички, морални, хуманитарни, филозофски или други слични причини, одбијат да служат со оружје, имаат право да бидат ослободени од таквата служба.

Ова право треба да биде почитувано како логична последица на основните права на поединецот во основните принципи на законите на државите членки, кое е гарантирано во член 9 на Европската Конвенција за Човекови Права.

## Б. Процедура

Личностите кои се обврзани да служат воен рок треба да бидат информирани за ова право кога

ќе добијат покана за служење на воениот рок.

Кога одлуката за признавање на правото на приговор на совест во прва инстанца ја носи административната власт, телото кое ја носи таквата одлука треба во потполност да е одвоено од воените власти и неговиот состав треба да гарантира максимална независност и пристрасност.

Кога одлуката за признавање на правото на приговор на совест ја носи административната власт, нејзината одлука треба да биде ставена под контрола на барем уште едно административно тело, составено во согласност со горенаведените одредби и покасно под контрола на барем уште едно судско тело.

Законодавните власти треба да најдат начин за што поефикасно извршување на овие права, така што ќе осигураат барањето и жалбата до судот да го одложат почетокот на служењето на воениот рок до донесување на конечната одлука.

На подносителот на барањето треба да му биде дозволено усмено сослушување пред комисија како би му се овозможило да и се претстави на комисијата, како и да повика релевантни сведоци.

## Ц. Алтернативна служба

Должината на траењето на алтернативната служба не смее да трае подолго од траењето на редовниот (регуларен) воен рок.

Социјалната и финансиска еднаквост на приговарачите на совест и редовните војници треба

да биде загарантирана.

Грижа на Владата е на приговарачите на совест да им обезбеди социјални или некои други видови на работа од јавен интерес во согласност со многукратните потреби на земјите во развој.

# ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ И ПРИГОВОРОТ НА СОВЕСТА

Правото на приговор на совеста и другите права поврзани со приговорот на совеста може да се најдат и во голем број на документи на Обединетите нации:

** **УДЧП** Универзална Декларација за Правата на Човекот*
** **КЧП** Комисија за Човекови Права*
** **ГС** Генералното Собрание*
** **ИДГПП** Интернационален договор за граѓанските и политичките права*
** **ИДЕСКП** Интернационален договор за економските, социјалните и културните права*
** **КПТ** Комитет против тортура*
** **ПП** Параграф на преамбулата*
** **ОП** Оперативен параграф*

| Право | УДПЧ | Мултилатерален договор | Резолуции на КЧП/ГС |
|---|---|---|---|
| *На приговор на совеста* | 18 | ИДГПП 18 | 1998/77, 1995/83, 1993/84, 1991/65 |
| *Да не се биде дискриминиран* | 2 | ИДГПП 2, 26, 18 2(2), КЕРД | |
| *Иста награда за иста работа* | 23 | ИДЕСКП 7 (а) (i) | |
| *Еднаков пристап до промоција* | 23 | ИДЕСКП 7 (c) | |
| *На социјална сигурност* | 22 | ИДЕСКП 11 | |
| *На адекватно сместување и услови за живеење* | 25 | ИДЕСКП 11 | |
| *Највисок достижен стандард на здравствена нега* | | ИДЕСКП 12 | |
| *На образование* | 26 | ИДЕСКП 13 | |
| *На учество во јавни работи* | 21 | ИДГПП 25 | |
| *На живот* | 3 | ИДГПП 6 | 1998/77 ПП2 |
| *На слобода од тортура* | 5 | ИДГПП 7 , КПТ | |
| *На слобода на движење* | 13 | ИДГПП 12 | 5 |
| *На фер судење од независен суд* | 10 | ИДГПП 14 | 1998/7 ОП2, ОП3 |

| **Право** | **УДПЧ** | **Мултилатерален договор** | **Резолуции на КЧП/ГС** |
|---|---|---|---|
| *На презумпција на невиност додека не се докаже вината* | 11 (1) | ИДГПП 14 | 1998/77 ОП5 |
| *На слобода од произволен притвор* | 9 | ИДГПП 9 | |
| *На азил* | 14 | 1951. Конвенција за бегалци + Протоколот од 1967. | 1998/77 ОП7 + UNHCR прирачник на ГС 33/165 |
| *На алтернативна служба* | | | 1998/77 ОП4 |
| *На не-казнива алтернативна служба* | | ИДГПП 18 + Gen Comm. 22 | 1998/77 ПП4 |
| *На приговор на совеста заради религиски и други причини* | | ИДГПП 18 + Gen Comm. 22 | 1998/77 ПП4 |
| *На развој на приговорот на совестаза време на службата* | | | 1998/77 ПП5 |
| *Да се биде информиран од страна на владата за можноста за здобивање со статусот на приговарач на совеста* | | | 1998/77 ОП8 |

# Контакти

## локални, регионални и меѓународни организации

**Мировна Акција**
~~Точила 1 А3/23,~~
~~7500 Прилеп~~
Тел/факс: ++389 48 401 888
e-mail: ~~mirovna@mt.net.mk~~

**Хелсиншки комитет за човекови права**
Ул. Даме Груев 8/5
П.Фах 58
1000 Скопје
тел/факс: ++ 389 2 3119 073
++ 389 2 3290 469
e-mail: helcom@mhc.org.mk

**Кампања за приговор савјести у БиХ -** БиХ
E-mail: prigovaraci@yahoo.com
Лице за контакт: Дарко Бркан

**ЕВСО Балкан - Србија и Црна Гора**
E-mail: igorseke@ptt.yu
Лице за контакт: Игор Секе

**Антиратна кампања / Унија 47 -** Хрватска
E-mail: unija47@zamir.net
Лице за контакт: Петар Габуд

**Младинско здружение за развиток на Балканот - Бугарија**
E-mail: info@yspdb.org
Лице за контакт: Веселин Илиев

**War Resister's International (WRI)**
(Интернавионала на противниците на војната)

WRI е интернационална мрежа на организации која постои од 1921г.

Тел: ++44-20-72784040
Факс: ++44-20-72780444
E-mail: info@wri-irg.org http://wri-irg.org
5 Caledonian Road, London N1 9DX, Britain
Лице за контакт: Andreas Spech!

Посети ја http://wri-irg.org/mailman/listinfo и можеш да се зачлениш во некоја од листите на WRI:

**WRI-INFO** ова е генерална листа. Секој може да се претплати и да добива информации за активностите на WRI , но само персоналот од канцеларијата на WRI може да испраќа пораки на неа.

**CO-ALERT** ова е листа за итни информации за приговарачи на совеста чии права се загрозени или се гонети заради своите убедувања. Главната цел и е да поттикне брза реакција и обезбедување поддршка. И на неа само персоналот од канцеларијата на WRI може да испраќа пораки.

**CO-DISCUSS** ова е отворена листа за дискусии за сите заинтересирани за приговорот на совеста без

разлика на (не)членувањето во WRI. Секој член на листата може да испраќа пораки.

**European Bureau for Conscientious Objection EBCO**
(Европско биро за приговор на совест)

* EBCO е советодавна организација во Совет на Европа и во Европски Парламент
Канцеларија за врски во Брисел
Avenue Jan Stobbearts 81A
B-1030 Brussels
Тел. +(32) 2 21 57 908, факс +(32) 2 24 56 297
e-mail: ebcobrussels@ifias.net

EBCO Интернационален Секретаријат
ebco@ebco-beoc.org

Лице за контакт:
Friedhelm Schneider, Arbeitsselle Friedensdienst
Grosse Himmelsgasse 3, D-67346 Spezer
Тел. (49) 6232 67150, факс (49) 6232 671567
e-mail: schneider@friedensdienst-pfalz.de

**Amnesty International**

Aldijana Šišić, Campaign coordinator
Europe Regional Programme, Amnesty International
Меѓународен секретаријат
1 Easton Street, London WC1X 8DJ
факс (44) (207) 956 1157, тел: (44) (207) 413 5970
www.amnesty.org/

email:  asisic@amnesty.org

**Quaker Council for European Affairs**
(Квекерски совет за Европа)

David Ferrard, Quaker Council for European Affairs
Quaker House, Square Ambiorix 50, B-1000 Bruxelles
e-mail: info@qcea.org
Web: www.quaker.org/qcea





Mirovna Akcija
mirovnaakcija@gmail.com